# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА МАКЕДОНСКИТЕ СПОРТСКИ КАЧУВАЧИ:

За сите посетители на качувачките локалитети:

1. Паркирај онаму каде е дозволено или обележано за паркинг!
2. Движи се и качувај по уредени и обелажани насоки!
3. Не го уништувај растителниот и животински свет, не ја обележувај и не ја крши карпата и другите објекти!
4. Не коментирај кога некоја качува!
5. Туѓиот труд ја краси околината!
6. Отпадокот однеси го со себе!
7. Во случај на несреќа помогни во рамките на твоите можности!

Качувачи:

1. Почитувај ги правилата за употреба на опрема за спортско качување!
2. Не качувај по проекти (ознака со цревена трака на првиот клин, без име на почетокот на насоката! Насоката можеби не е исчистена иако е опремена но сепак не е сигурна!
3. За чистење на фаќалиштата на природна карпа користи четка, но не и друга алатка која ќе ги оштети!
4. Во постоечка веќе оклинчена насока не оклинчувај! Не крши или долепувај фаќалишта во веќе оклинчена насока!
5. Во случај на кршење витално фаќалиште во насоката, консултирај се со некој клуб при МСКФ, дали да се залепи истото!
6. Овозможи качување и на други качувачи кои чекаат, во случај на твое интензивно качување во истата насока. Доколку качувачите сакаат да качуваат во водство, извади го твоето јаже!
7. Не качувај со бајли и дерези на постоечки насоки за спортско качување, побарај мислење кои насоки се за тоа!
8. Качувај во склад со правилата: - НА ПОГЛЕД: качување со една проба без додатни информации за насоката, само со оглед пред стартот; - ЦРВЕНА ТОЧКА: качување без пад, но со предходно качување, ФЛЕШ-качување со претходна анализа како друг ја качил истата насока!
9. На крајот од насоката, се вкопчуваме во сидриштето, се преврзуваме и се симнуваме ТОП РОП или АБЗЕЛ. Не си дозволувајте да се преврзете во сидриште, без претходно знаење и искуство!
10. На ТОП РОП не качувајте на постоечките сидришта, туку јажето нека ви поминува на ваши поставени комплети, со тоа ги штедите постоечките сидришта од побрзо триење и дотрајување! Тоа е вашиот најмал придонес за безбедни насоки!
11. Мислењето за оцената на насоката проследи го до некој клуб при МСКФ, доколку мислиш дека оцената не е реална!
12. Доколку нешто обележуваш во насоката со магнезиум, по твоето качување, исчисти го
13. Сигурносните клинови (ушките), прусик замки, гуртни кои можеби ќе затекнеш на некоја насока во клин или сидриште, не ги одстранувај(кради), можеби на некого му се многу потребни!
14. Направи безбедносен чвор на крајот од јажето!
15. Направи проверка со партнер пред секое качување!